ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Број ____________
Скопје, _____ 2008

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ФАКТУРИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО ДСГ МЕТОДА

Според член 70 од Законот за здравствено осигурување ( Сл. Весник на РМ бр. 25/2000; 34/2000; 96/2000; 50/2001; 11/2002; 31/2003;84/2005;37/2006; 18/2007 и 36/2007, за извршување на здравствени услуги по ДСГ метода, Фондот како купувач на здравствени склучува и раскинува договори со здравствените установи.

Со договорот се уредува видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствените услуги искажани по ДСГ методата, начинот на пресметување и плаќање на здравствените услуги.

Начинот на плаќањето на здравствените услуги искажани по ДСГ методата на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита се уредува со Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот за плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, како и со договорите за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита, склучени помеѓу Фондот и здравствените установи.

Здравствените услуги во здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, осигурените лица ги остваруваат врз основа на упат од избраниот лекар, односно специјалистички упат, здравствена легитимација и потврда за платен придонес за здравствено осигурување.

Согласно Законот за здравствено осигурување, Фондот е купувач на здравствени услуги, а здравствените установи се даватели на здравствените услуги и истите се посебни правни лица кои се обврзани извршените здравствени услуги да ги фактурираат до Фондот.

Здравствената установа за извршените услуги искажани по ДСГ методата фактурата ја доставува до Подрачната служба на Фондот според местото во кое е регистрирана здравствената установа.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Фактурата за извршените здравствени услуги е збирна фактура која се доставува до Подрачната служба на Фондот до 5-ти во тековниот за предходниот месец.

Во фактурата се искажуваат сите завршени здравствени услуги групирани по ДСГ методата за сите осигурени лица, за месецот за кој се однесува фактурата, единечна цена на завршената услуга, вкупниот износ за таа ДСГ услуга и износот на пресметаното учество ( партиципација).

Од вкупниот износ на завршените услуги се намалува вкупниот износ на пресметаното учество на осигурените лица.

Со фактурата задолжите се доставува спецификација со сите поединечно изкажани здравствени услуги по ДСГ методата по осигурено лице (ЕМБГ и име и презиме), број на историјата, цена на извршентата ДСГ услуга и износ на пресметано учество за здравствената услуга на осигуреното лице.

Во цената на извршената здравствена услуга по ДСГ методата се опфатени и лековите, терапијата, медицинските помагала, трошоци за сместување и исхрана и друго.

До подрачната служба на Фондот, со фактурата и спецификацијата во прилог се доставува упат и потврда за платен придонес за секое осигурено лице.

Здравствената установа за осигуреното лице на кое му се укажуваат здравствени услуги по ДСГ методата, доколку има потреба за здравствени услуги од друга болница или клиника, тоа го остварува со интерболнички, односно интерклинички упат.

Здравствената установа од која се побарани здравствените услуги, (сервисни услуги) ги фактурира по референтни цени до здравствената установа која истите ги побарала во рок од 24 часа по завршувањето на услугата.

Здравствените услуги извршени од други здравствени установи со интерболнички, односно интерклинички упат се составен дел на здравствената услуга искажана по ДСГ метода која се фактурира како завршена услуга од здравствената установа во која е завршено лекувањето.

До започнувањето со имплементацијата на плаќањето на здравствените услуги по ДСГ методата наместо фактура за сервисни услуги ќе се доставува пресметка.